МАСИТ
Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

Стопанска Комора за Информатички и Комуникациски Технологии - МАСИТ
Бр. 46/1-13
18.12.2013 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
СКОПЈЕ
Примено: 19.12.13
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност

Скопје, 18.12.2013

До: Министерство за информатичко општество и администрација
За: Југослав Ѓорѓиевски, лице одговорно за Предлог Закон за административни службеници и Предлог Закон за вработени во јавниот сектор

Копија за:
Министер Иво Ивановски, Министерство за информатичко општество и администрација

Почитувани,

Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ како репрезентативен претставник на ИКТ секторот во Република Македонија прави заложби за унапредување на деловниот и правниот амбиент во кој делуваат нашите членки. Помеѓу другите активности МАСИТ отсекогаш се залагал за воспоставување на ред во делот на потврдувањето на поседување на определени вештини за познавање на компјутерски програми. Во пракса ова се сведува исклучиво на декларативно тврдење на било кој апликант за работно место дека истиот знае да работи со компјутер. Како и за други знаења и вештини и во овој дел постојат методи и норми преку кои се утврдува познавањето на работењето со определени компјутерски програми како и нивото на вештината. Постојат меѓународни етаблирани и прифатени испити за потврдување на познавањето и вештината со работење на компјутерски програми кои имаат светска референтна вредност и служат како веродостоен доказ за познавањето на работењето со определени компјутерски програми. Во овој момент најраширени и најприфатени како референтни се сертификатите кои ги издава CERTIPORT и www.certiport.com и ECDL www.ecdl.com. Овие две сертификациони тела издаваат планетарно прифатливи сертификати за цел спектар на компјутерски познавања и вештини на основа претходно извршено тестирање на кандидатите. Ваквиот начин на издавање на сертификати постои и во други сфери на пример познавањето на странски јазици за кои постојат општо прифатени референтни сертификати и слично.

Сметаме дека во сите законски прописи во Република Македонија или во еден општ пропис треба да се дефинира дека вработените во државните институции, служби и јавни претпријатија, познавањето на работа со компјутер треба да го докаже со некој од светски признаените сертификати, CERTIPORT или ECDL. Напоменуваме дека во Република Македонија постојат овластени тест - центри за двата сертификати.

Доколку се вметне вакво решение за утврдување на нивото на познавањето на работењето со компјутерски програми и компјутерски вештини ќе се стави ред во оваа област при што позитивниот ефект ќе се постигне за сите: Република Македонија ќе има нормиран и соодветно регулиран дел од утврдувањето на работните способности, вработените ќе добијат највисоко референтен сертификат кој нема ограничена територијална важност, ИКТ

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
е-маил: contact@masit.org.mk

индустријата ќе добие уште еден сегмент во палетата на своето работење како редовна и континуирана активност, работодавачите ќе имаат сигурност во нивото и видот на знаење кое го поседуваат апликантите за работа.

Сметаме дека во овој момент е пожелно да се интервенира во одредбите на **Предлог – Законот за административни службеници**, како и во **Предлог – Законот за вработените во јавниот сектор**. Соодветно во секој од овие прописи би требало да се внесат измени и дополнувања во делот на потврдувањето на познавањето на работа со компјутерски програми на начин како што е погорен опишано. За илустрација овде е даден предлог за измени и дополнувања во текстот на Предлог -Законот за административни службеници.

***Предлог на МАСИТ***

***Нивоа на работни места на административни службеници од категорија Б - раководни***
***Член 24***

*(1) Во рамките на категорија Б, се утврдуваат следните нивоа на работни места на административни службеници:*
*- Б1 - раководен административен службеник од прво ниво;*
*- Б2 - раководен административен службеник од второ ниво;*
*- Б3 - раководен административен службеник од трето ниво; и*
*- Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво.*

*(2) Раководниот административен службеник од категорија Б, треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:*
*(2-а) Стручни квалификации: за сите нивоа - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;*
*(2-б) Работно искуство и тоа:*
*- за нивото Б1: најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;*
*- за нивото Б2: најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор; или*
*- за нивоата Б3 и Б4: најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;*
*(2-в) Општи работни компетенции: за сите нивоа - категорија Б, согласно Рамката на општи работни компетенции;*
*(2-г) Посебни работни компетенции:*
*за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, односно поседување на дигитална писменост потврдено со поседување на меѓународно признат сертификат за познавање на компјутерски вештини издаден од официјален тестатор/тест центар на Certiport или ECDL во Република Македонија, поточно еден од*

*следните сертификати соодветно на работната позиција и работите и работните задачи утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место:*
*CERTIPORT*
*а) Microsoft Office Specialist - Word*
*б) Microsoft Office Specialist - Excel*
*в) IC3- GS4*
*-Key Aplications*
*-Computing Fundamental*
*-Living Online*

*ECDL*
*а) Base Modules*
*- Computer Essentials*
*- Online Essentials*
*- Word Processing*
*- Spreadsheets*

*Стопанската комора за информатички и конукциаски технологии ќе води Регистер на овластени тестинг центри за CERTIPORT и ECDL во Република Македонија и податоците од истиот се објавуваат на веб страницата на Комората МАСИТ и веб страницата на Министерството за информатичко општество и администрација.*
*Поблиските услови за внесување, видот и содржината на податоците како и за водењето на Регситарот на овластени тестинг центри за CERTIPORT и ECDL во Република Македонија ќе се уредат со посебен правилник кој ќе се донесе од страна на Министерот за информатичко општество и администрација во рок од ...денови по стапувањето во сила на овој Закон.*

***за сите нивоа - потврда за положен испит за административно управување,***
***за сите нивоа - други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и тоа:***
***- за нивоата Б1 и Б2: преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР (CEFR) или ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT) најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT) најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) најмалку 60 бода;***
***- за нивоата Б3 и Б4: преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR) или ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT) најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT) најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) најмалку 45 бода.***

### Нивоа на работни места на административни службеници од категорија В - стручни
### Член 25

*(1) Во рамките на категорија В, се утврдуваат следните нивоа на работни места на административни службеници:*
*- В1 - стручен административен службеник од прво ниво;*

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
е-маил: contact@masit.org.mk

*- В2 - стручен административен службеник од второ ниво; - В3 - стручен административен службеник од трето ниво; и*
*- В4 - стручен административен службеник од четврто ниво.*
*(2) Стручниот административен службеник од категорија В, треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:*
*(2-а) Стручни квалификации и тоа:*
*- за нивото В1: стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; или*
*- за нивоата В2, В3 и В4: стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен.*
*(2-б) Работно искуство и тоа:*
*- за нивото В1: најмалку најмалку три години работно искуство во струката;*
*- за нивото В2: најмалку најмалку две години работно искуство во струката;*
*- за нивото В3: најмалку една години работно искуство во струката; или*
*- за нивото В4: со или без работно искуство во струката.*
*(2-в) Општи работни компетенции: за сите нивоа - категорија В, согласно Рамката на општи работни компетенции;*
*(2-г) Посебни работни компетенции:*
*за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, односно поседување на дигитална писменост потврдено со поседување на меѓународно признат сертификат за познавање на компјутерски вештини издаден од официјален тестатор/тест центар на Certiport или ECDL во Република Македонија, поточно еден од следните сертификати соодветно на работната позиција и работите и работните задачи утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место:*
*CERTIPORT*
*а) Microsoft Office Specialist - Word*
*б) Microsoft Office Specialist - Excel*
*в) IC3- GS4*
*-Key Applications*
*-Computing Fundamental*
*-Living Online*

*ECDL*
*а) Base Modules*
*- Computer Essentials*
*- Online Essentials*
*- Word Processing*
*- Spreadsheets*

*други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR) или ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT) најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT) најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) најмалку 30 бода.*

***Нивоа на работни места на административни службеници од категорија Г – помошно-стручни***

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
е-маил: contact@masit.org.mk

***Член 26***

*(1) Во рамките на категорија Г, се утврдуваат следните нивоа на работни места административни службеници:*
*- Г1 – помошно-стручен административен службеник од прво ниво;*
*- Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво;*
*- Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво; и*
*- Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво.*
*(2) Помошно-стручниот административен службеник од категоријата Г треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:*
*(2-а) Стручни квалификации: за сите нивоа – најмалку више или средно образование.*
*(2-б) Работно искуство и тоа:*
*- за нивото Г1: најмалку најмалку три години работно искуство во струката;*
*- за нивото Г2: најмалку најмалку две години работно искуство во струката;*
*- за нивото Г3: најмалку една години работно искуство во струката; или*
*- за нивото Г4: со или без работно искуство во струката.*
*(2-в) Општи работни компетенции: за сите нивоа – категорија Г, согласно Рамката на општи работни компетенции;*
*(2-г) Посебни работни компетенции:*
*за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, односно поседување на дигитална писменост потврдено со поседување на меѓународно признат сертификат за познавање на компјутерски вештини издаден од официјален тестатор/тест центар на Certiport или ECDL во Република Македонија, поточно еден од следните сертификати соодветно на работната позиција и работите и работните задачи утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место:*
*CERTIPORT*
*а) Microsoft Office Specialist - Word*
*б) Microsoft Office Specialist - Excel*
*в) IC3- GS4*
*-Key Aplications*
*-Computing Fundamental*
*-Living Online*

*ECDL*
*а) Base Modules*
*- Computer Essentials*
*- Online Essentials*
*- Word Processing*
*- Spreadsheets*

*други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место, како и активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR) или ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFL PBT) најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT) најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) најмалку 10 бода.............*

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
е-маил: contact@masit.org.mk

МАСИТ
Стопанска комора за информатички
и комуникациски технологии

Ве молам да имате предвид дека палетата на сертификати/потврди на CERTIPORT и ECDL е многу широка и поединечно детална, така што многу лесно од случај до случај за различни работни позиции може да се побара точно определен сертификат за точно определено познавање на компјутерски вештини. На овој начин работодавачот ќе биде сигурен дека вработениот го има познавањето кое токму му е потребно, а и вработениот ќе биде сигурен дека од него не се бара ништо повеќе или помалку од она што е потребно за неговото работно место.

Палетата на сертификати опфаќа:

- CERTIPORT
  а) IC3: Internet & Computing Core Certification
  б) MOS: Microsoft Office Specialist
  в) MTA: Microsoft Technology Associate
  г) ACA: Adobe Certified Associate
  д) ACU: Autodesk Certified User
  ѓ) Comptia Strata

- ECDL
  а)ECDL Base
  б)ECDL Standard
  в)ECDL Advanced

Се надеваме дека овој наш предлог ќе го оцените како конструктивен, практичен и во општа полза дека ќе бидат направени соодветните интервенции во предлог – законите. МАСИТ стои на располагање за детално појаснување и презентирање на сертификатите кои се овде споменати.

Со почит,

Анита Никова,

МАСИТ Извршен Директор

Ул. Димитрие Чуповски бр.13
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389.2.3238.601
Факс: +389.2.3244.012

www.masit.org.mk
е-маил: contact@masit.org.mk